Како поединци, сопственици/чки на бизниси, менаџерки и менаџери, многумина од нас ги отвораме паричниците за да ги поддржиме пријателите и членовите на семејствата на коишто им е потребна помош или за да одговориме на нечија молба кога некој ќе ни дојде пред врата. Таквото донирање не е обмислено, па користа од него не е каква што би сакале да биде, а ефектите за заедниците во коишто живееме е ограничена. Општо кажано, планираните и насочени донации, без оглед на нивната големина, имаат капацитет да помогнат во решавањето на проблемите, а не само во санирањето на последиците. За да се стимулираат зголемени нивоа на донирање, да се подобрат иницијативите, како и леснотијата на донирањето, го создадовме проектот на УСАИД „Партнерства за донирање".

„Партнерства за донирање" им помага на општествено одговорните поединци и компании коишто се во трка со времето. Алатките што ги создаваме ги идентификуваат најсоодветните проекти и организации за поддршка. Така, донациите на бизнисите и граѓаните можат да поддржат активности со најголем придонес за нашите заедници.

Тимот на „Партнерства за донирање" верува дека одржливоста најдобро може да се постигне кога граѓаните се активно вклучени во своите локални заедници, за да го насочат развојот на начин на којшто ќе го подобри квалитетот на нивниот живот. Работејќи заедно, ние имаме потенцијал да го поттикнеме развојот базиран на сопствени локални ресурси. Затоа веруваме дека филантропијата е активен и лесен начин којшто овозможува секој од нас да биде дел од промената. Не треба да имаш премногу време или да бидеш експерт, треба само да имаш волја да придонесеш кон промената.


За да го направиме тоа, сакаме да ја зголемиме соработката помеѓу сите што се засегнати во заедниците. Така тие ќе ги идентификуваат нивните потреби и ќе ја користат националната инфраструктура за филантропија што обезбедува донирање од сите нивоа на општеството. Се надеваме дека ова ќе ги охрабри поединците, семејните фондови и компаниите од сите големини, да работат заедно на иницијативи коишто имаат директно влијание на нив, или коишто се блиску до нивните срца. Ние сме тука да бидеме мост и да помогнеме во развојот на врските помеѓу вас.











ШТО ДОБИВАТЕ ВИЕ?

„Партнерства за донирање" воведува нова најсовремена платформа за презентирање на проекти и граѓански организации од сите делови на Северна Македонија. Платформата обезбедува лесен начин за наоѓање проверени проекти и организации коишто се вклучени во областите што вие сакате да ги поддржите. Ќе можете да видите детали за организацијата, вклучувајќи ја нејзината мисија и луѓето коишто стојат зад неа, како и детали за проектот за кој се обидуваат да соберат средства. За оние коишто сакаат да донираат лично и да ја доживеат радоста на донирањето заедно со други, ќе продолжиме да ги организираме донаторските кружоци коишто станаа омилени настани за донирање.

За оние од вас што се дел од семејства кои сакаат заеднички да направат нешто добро, семејните фондови се практичен и моќен модел за којшто тимот на „Партнерства за донирање" може да ве поддржи и советува. Креирањето фондови е одлична можност и за компаниите, особено за оние што немаат интерни ресурси за да основаат фондација. Фондот за компании нуди едноставно и ефективно решение, а тимот на Конект има долгогодишно искуство во помагањето на водечките компании во земјата да основаат и раководат со ваков вид фондови.

Проектот работи со институциите за да им помогне преку законите и политиките да го поттикнат донирањето. Исто така ги поддржуваме сите заинтересирани да ги искористат даночните олеснувања и другите придобивки од донирањето.

ДОНАТОРСКИ КРУЖОК

МОЖНОСТИ ЗА БИЗНИСИТЕ

За да ви помогнеме вашата донација да има подобро и поголемо влијание, Конект стои на располагање со низа специјализирани услуги за корпоративните донатори и фондации, скроени по нивните специфични потреби и цели во донирањето. Дополнително, станете член на „Клубот на одговорни бизниси" и искористете ги можностите за соработка со водечките предводници во општествената одговорност на претпријатијата (ООП) во земјата. Без оглед на големината на вашиот бизнис или вашите амбиции за ООП, само исконтактирајте го нашиот тим и ние ќе договориме средба со вас, ќе ви го објасниме опсегот на достапните услуги и ќе се обидеме подобро да одговориме на вашите потреби и предизвици.

ОБ
КЛУБ НА ОДГОВОРНИ БИЗНИСИ

МОЖНОСТИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГО)

Ние сме тука да ве водиме и да ве поддржиме додека мобилизирате локални ресурси. Нашата програма за градење капацитети „Промени за одржливост" нуди различни нивоа на обуки, менторство и директна поддршка на вашите активности за прибирање донации. Програмата вклучува и готови алатки за поедноставување на голем број активности за кои вашата организација можеби нема внатрешни капацитети. Ако сакате да не поддржите заеднички да застапуваме за промена на закони и политики што ќе донесат повеќе донации, станете членка на Мрежата за финансиска одржливост на ГО.

Нашите алатки на едноставен начин ви овозможуваат да си ги промовирате организациите и проектните иницијативи пред многу поширок круг на потенцијални донатори, од вашите заедници, целата земја и пошироко. Стекнете се со „Ознаката за доверба" којашто претставува модел за саморегулација, за ние да ја препорачаме вашата организација на веќе заинтересираните донатори.

Направете профил на новата платформа за групно донирање којшто ќе содржи информации за вас, вашата мисија, луѓето коишто работат за таа мисија и проектите за коишто сакате да обезбедите донации и поддршка. Без оглед дали веќе сте присутни на интернет или не, користењето на нашата платформа ви овозможува дигитално да ги споделите вашите проектни приказни на најефективен начин (текст, слики, па дури и вградени видеа) и да комуницирате со потенцијалните донатори во реално време.

Op Op

ЛЕСНО ЗА УПОТРЕБА!

Ако сакате да се вклучите, тоа е навистина лесно! По активирањето на платформата, се што ќе треба да направите е да ја преземете апликацијата, да ги регистрирате вашите податоци и тоа е тоа. Вие одлучувате дали сакате да донирате анонимно или не, одлучувате колку сакате да донирате, кому сакате да донирате и кога ќе донирате. Апликацијата постојано ви обезбедува ажурирани информации за областите на интерес коишто сте ги избрале и не дозволува никој да ве контактира и да ви бара донации. Вие имате целосна и постојана контрола.

ДАЛИ Е БЕЗБЕДНО?

Вашата донација е максимално безбедна бидејќи нашата платформа вградува безбедносни системи што се применуваат и во банките. Откако ќе се регистрирате, сите ваши информации се анонимизираат и се шифрираат, така што дури и ние нема да ги знаеме вашите податоци. Апликацијата не ги зачувува деталите за вашата платежна картичка, па дури и ако сакате да донирате јавно, можете да го направите тоа со користење на вашето избрано корисничко име.

Покрај безбедноста на самата донација, проектот „Партнерства за донирање" ќе насочи значителен обем на ресурси за да се осигура дека вашата филантропија навистина ќе ги постигне посакуваните резултати. Ќе работиме за да ги заштитиме сите чинители за да се осигураме дека вашата донација ќе заврши кај планираните корисници, дека тие наменски ќе ја искористат и ќе ги испорачаат резултатите што ви ги ветиле.

ДА ЈА ГРАДИМЕ ДОВЕРБАТА

Донирањето бара доверба и сигурност дека вашите тешко заработени пари навистина ќе се искористат за цели што вам ви се важни. За да ви обезбеди поголема сигурност и да ви го олесни изборот на корисници, Конект има механизам за саморегулација за ГО наречен „Ознака за доверба". Ознаката овозможува да бидете сигурни дека ГО носител на проектот и нејзините корисници се темелно проверени. Сигурни сте дека ГО има верификувано искуство во постигнување на ветените резултати за примените донации. „Ознаката за доверба" се доделува преку внимателно дизајниран процес на сертификација во рамките на кој се користат строги критериуми за транспарентност, отчетност, управување, резултати од работењето, како и усогласеност со законската регулатива и меѓународните стандарди.

Дури и организациите кои сè уште не се квалификувале за „Ознака за доверба" се проверуваат пред да можат да станат дел од проектот „Партнерства за донирање", бидејќи сакаме да се увериме дека секој денар е искористен за целта за којашто е наменет.

ПРОВЕРЕНИ И ПРЕПОРАЧАНО ЗА ПОДДРШКА
ОЗНАКА ЗА ДОВЕРБА
ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Партнерства за донирање" верува дека одржливоста најдобро може да се постигне кога граѓаните се активно вклучени во локалниот развој којшто ги обликува нивните животи и дека локалните заедници и земјата како целина имаат потенцијал да го поттикнат развојот со помош на локални ресурси. Предуслов за тоа е граѓаните и компаниите да се мотивирани да дејствуваат и да донират на иницијативи коишто директно влијаат на нив или им се при срце.

Проектот „Партнерства за донирање" ќе го поддржи градењето на четирислоен функционален екосистем, вклучувајќи: унапредување на правната рамка со цел донациите да се поттикнуваат; создавање технички решенија што ќе го направат донирањето полесно и законито; информативна рамка за да се има лесен пристап до информации за локалните иницијативи; како и рамка за поддршка на компаниите и приватните донатори за да развијат и применат стратегии за филантропија.

Годишно ќе организираме национален ден за донирање, којшто сакаме да го искористиме за да ја активираме целата земја и сите да се вклучат во спроведувањето активности за подигање на свеста и собирање средства за добри цели за развој на нашите заедници. Сите собрани средства што не се наменети за некој конкретен проект ќе бидат ставени во донаторски фонд и ќе се користат за поддршка на повеќе амбициозни проекти, коишто ќе бидат идентификувани и изгласани од корисниците на платформата.

Проектот на УСАИД „Партнерства за донирање" е резултат на повеќедимензионалната соработка помеѓу Конект, Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ), компанијата за маркетинг услуги Индиго и Американската Стопанска комора во Северна Македонија (AmCham). Нивната експертиза, практично знаење и оперативни ресурси се користат со цел да се реализира оваа возбудлива национална иницијатива. Тимот на „Партнерства за донирање" заедно ќе ги стимулира учесниците во заедницата да се вклучат поактивно. Истовремено, ќе обезбедиме платформа каде потенцијалните донатори (особено локалните) ќе можат подобро да ги разберат потребите на заедницата. Донаторите лесно ќе идентификуваат проекти коишто го задоволуваат нивниот специфичен (или ад хок) донаторски вкус и ќе бидат сигурни во безбедноста и законитоста на платформата што ја користат за донирање.



Оваа брошура е подготвена од Индиго и членовите на проектниот тим на Конект со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД). Ставовите на авторите изразени во оваа брошура не ги одразуваат ставовите на Агенцијата за меѓународен развој на САД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

КОНЕКТ

ПАРТНЕРСТВА ЗА ДОНИРАЊЕ


















European Center for Not-for-Profit Law

ОЕМУР
ОДА ЕКОНОМИКЕ Е МАЃЕДОНСКЕ ВЕРИ-ПЕРЕНДИМОРЕ
СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH-WEST MACEDONIA

indigo

AmCham